Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*
*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3.Годишна програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

**1**. Владата по повод заклучоците усвоени на Третата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија (доставени од Јавно претпријатие за државни патишта), заклучи:

- Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта на наредната седница на Владата, да достави дополнителна информација со предлог-заклучоци, усогласени со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии.

**2**. Владата по повод заклучоците усвоени на Третата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, заклучи:

1) Врз основа на член 6 став (2) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21) и член 1 од Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комитет за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија на 3 февруари 2023 година Владата го задолжи правниот трансакциски советник (преговарачки тим) за изградба на автопатските делници од проектот задолжен за преговарање на сите детали и услови на Договорот за градење за проектот за

изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, да ги отпочне преговорите со стратешкиот партнер на 6 февруари 2023 година и за исходот од истите да состави извештај, кој ќе го достави на разгледување и одобрување до Комитетот за преговори во рок од 21 ден од денот на отпочнување на преговорите.

2) Заклучокот број 1. од точка 53 од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година, по Информацијата за одржување на Втората седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола), во Република Северна Македонија, да се дополни со претставник од Министерството за економија, кој дополнително ќе биде номиниран.

3) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања сите заклучоци и одлуки на Владата донесени на Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија и Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, двете одржани на 3 февруари 2023 година, да ги достави до Европската комисија.

**Точка 3**

Владата по Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2023 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**